**Известување за концентрација со која Генерали Универзално пензиско друштво А.Д. Полска**
**ќе стекнат контрола над МетЛајф Отворен пензиски фонд, Полска и МетЛајф Доброволен пензиски фонд Полска**
**(предмет бр. 08-127)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.09.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Генерали Универзално пензиско друштво А.Д. (*Generali Powszechne Towarzystwo Emerytalne S.A*)**, со седиште на Варшава на ул. Сенаторска бр. 18, 00-082 Варшава, Полска, има намера директно стекнување на единствена контрола над друштвото **МетЛајф Отворен пензиски фонд (MetLife Otwarty Fundusz Emerytalny) и МетЛајф Доброволен пензиски фонд (MetLife Dobrowolny Fundusz Emerytalny)**, со седиште во Варшава на ул. Пжемислова 26, 00-450 Варшава, Полска .

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Генерали Универзално пензиско друштво А.Д.**, е индиректно во сопственост на и контролиран од Асикурациони Џенерали С.п.А., Италија (Assicurazioni Generali S.p.A., Italy), матичното друштво на меѓународната групација на друштва активна во осигурителниот и финансискиот сектор - Групација Генерали. Подносителот на известувањето управува со бизнисот на Генерали во Полска.

Групацијата Генерали има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија – друштвото Генерали Инвестментс АД Скопје, со седиште во Бул. Партизански Одреди 14А-1/2, 1000 Скопје, Северна Македонија.

**МетЛајф Отворен пензиски фонд** е полски отворен пензиски фонд управуван од МетЛајф Универзално пензиско друштво и истиот нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија и нема остварено никаков промет во Северна Македонија во 2019, 2020 и 2021 година.

**МетЛајф Доброволен пензиски фонд** е полски доброволен пензиски фонд управуван од МетЛајф Универзално пензиско друштво. МетЛајф ДПФ нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија и нема остварено никаков промет во Северна Македонија во 2019, 2020 и 2021 година.

Според подносителот на известувањето релевантен пазар на кој се однесува концентрацијата е осигурителниот сектор, поконкретно пензиски фондови..

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.09.2022 година
Скопје